

# Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

## Заеднички состанок на Комисијата за меѓународна соработка и мрежата на Еразмус + координатори

Ректорат, 20.01.2016

# ERASMUS+

**ERASMUS+ Програма на ЕУ за образование, обука и млади**

**Повик за предлог проекти 2016 – EAC/A04/2015**



# Акции

Клучна акција 1 (КА1) – мобилност за учење на индивидуи
(Key Action 1 – Mobility of Individuals)

Мобилност на индивидуи во областа на високото образование
Краен рок : 2 февруари 2016

**Клучна акција 2 (КА2) – соработка за иновација и размена на добри практики (Key Action 2 – Cooperation for Innovation and the Exchange of Good Practices)**

- **Стратешки партнерства во областа на високото образование – транснационални проекти и иницијативи во високото образование коишто промовираат иновации, размена на искуства и знаења помеѓу различни видови организации во областа на образованието и обуката – 31 март 2016;**
- **Алијанси на знаења – помеѓу високообразовни институции и компании во насока на промовирање на иновативноста, претприемништвото, креативноста, вработливоста, размената на знаења и искуства и/или настава во мултидисциплинарни услови – 26 февруари 2016;**
- **Градење капацитети во областа на високото образование – поддршка за институциите и организациите во процесот на модернизација и интернационализација – 10 февруари 2016.**

**Клучна акција 3 (КА3) – поддршка за реформи на политиките**

**Структурен дијалог: состаноци помеѓу млади луѓе и носители на одлуки во областа на младите**

**Key Action 3 (KA3) – support for policy reform**

**Structured dialogue: meetings between young people and decision-makers in the field of youth**

# Дополнителни документи

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност на РМ www.na.org.mk

- *Образец за доделување на мандатот* (Mandate) за учество во проекти од стратешки партнерства во областа на високото образование, со упатство (EACEA site)
- *Образец за временски распоред* на активностите што се пополнува и приложува кон апликациониот формулар за стратешки партерства
- *Техничко упатство* за пополнување на електронските пријави за сите акции управувани од Националната агенција

# 1. Стратешки партнерства во областа на ВО

Стратешките партнерства имаат за цел да го поддржат развојот, трансферот и/или имплементацијата на иновативни практики како и имплементацијата на заеднички иницијативи што промовираат соработка, учење едни од други и размена на искуства на европско ниво.

Во зависност од целите и составот на партнерството, проектите може да бидат:

- Стратешки партнерства за поддршка на иновации
- Стратешки партнерства за поддршка на размената на добри практики.

За учество во СП – ВОИ со валидна Е+ Повелба

Erasmus Charter for Higher Education

- програмските земји и, под одредени услови може да се вклучат институции од партнерските земји

Online апликација (www.na.org.mk) врз база на конзорциум

Секој конзорциум има право да аплицира со само еден проект во повик

Краен рок: 31 март 2016

Времетраење на проектот: 24 – 36 месеци

Почеток на проектот: 1 септември – 31 декември 2016

# 2. Алијанси на знаење

**Алијансите на знаење се транснационални, структурирани проекти коишто треба да се движат кон достигнување резултати, претежно на релација високо образование – бизнис сектор. Алијансите се наменети да произведат краткорочни и долгорочни влијанија врз широкиот спектар на вклучените чинители на индивидуално, организационо и системско ниво.**

**По правило, алијансите ја таргетираат соработката помеѓу организации од програмските земји, но под одредени услови и организации од партнерските земји можат да партиципираат исклучително како партнери, не како апликанти.**

Транснационалните проекти во оваа акција треба да вклучуваат најмалку 6 независни организации од барем 3 програмски земји, од кои најмалку 2 ВОИ и 2 претпријатија.

Следниве активности се поддржани во рамките на оваа акција:

- Зголемување на иновативноста во високото образование, во бизнисот и пошироко во општествено-економски рамки
- Развивање претприемнички начин на размислување и вештини
- Поттикнување на протокот и размената на знаења помеѓу високото образование и претпријатијата.

Краен рок за аплицирање во Извршната агенција на Европската комисија (EACEA): 26 февруари 2016, за 2- или 3-годишни проекти коишто би започнале на 1 ноември 2016 или 1 јануари 2017.

# 3.Градење капацитети во областа на ВО

**Оваа акција има за цел модернизација, пристапност и интернационализација на високото образование во партнерските земји и треба да се реализира во контекстот на приоритетите идентификувани во двата документи на ЕК:**

**- *Зголемување на влијанието на политиката за развој на ЕУ: Агенда за промена* и**
**- *Европското високо образование во светот***

**Проектите за градење капацитети се имплементираат во рамките на надворешните политики на ЕУ, дефинирани со финансиските инструменти на ЕУ, како што е на пр. ИПА.**

**Две категории на проекти се поддржани во оваа акција:**

-**Заеднички проекти (развој на курикулуми, модернизација на функционирањето на ВОИ, менаџмент и раководење, зајакнување на релациите со економското и општественото опкружување)**

- **Структурни проекти (модернизација на политиките и управувањето со системите на ВО и зајакнување на релациите со економското и општественото опкружување)**

**За проектите што ги таргетираат партнерските земји, двете категории проекти може да вклучуваат и посебен дел што се однесува на мобилност на студенти и кадри според утврдени шеми во зависност од регионот.**

Проектите од оваа акција може да се однесуваат на:

- една партнерска земја (национални проекти) и во тој случај, покрај партнерската, потребно е да се вклучат уште најмалку 3 програмски земји, застапени преку минимум 1 ВОИ од секоја програмска и минимум 3 ВОИ од партнерската земја, или

- две или повеќе партнерски земји (повеќе-национални проекти) со најмалку 2 квалификувани партнерски земји и најмалку 3 програмски, застапени со минимум 1 ВОИ од секоја програмска и миминум 2 ВОИ од секоја партнерска земја вклучени во проектот.

Краен рок за аплицирање (за 2- или 3-годишни проекти): 10 февруари 2016, директно во Извршната агенција на Европската комисија (EACEA).

**Сите крајни рокови за доставување на апликациите се специфицирани на пред и до 12.00 часот напладне, Бриселско време.**

http://na.org.mk/index.php/mk/novosti-detalna/items/povik-za-predlog-proekti-eaca0415-erazmus-2016-copy2.html

http://eacea.ec.europa.eu/

http://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus/documents/erasmus-plus-programme-guide_en.pdf

**Благодариме!**